# ИЗВЕШТАЈ ЗА САМООЦЕНУВАЊЕ НА УСПЕШНОСТА ВО УПРАВУВАЊЕТО СО ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ ВО ОПШТИНА СТУДЕНИЧАНИ ЗА 2021 ГОДИНА

**Декември, 2022**

**СОДРЖИНА**


КРАТЕНКИ И АКРОНИМИ ........ 3
ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ........ 4
1. Општ контекст ........ 6
2. Анализа на успешноста на Управувањето со јавните финансии ........ 7
СТОЛБ 1: ВЕРОДОСТОЈНОСТ НА БУЏЕТОТ ........ 8
PI-1. Реализација на вкупни расходи ........ 8
PI-2. Реализација на составот на расходите ........ 9
PI-3. Реализација на приходите ........ 13
СТОЛБ 2: ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ ........ 14
PI-5. Буџетска документација ........ 14
СТОЛБ 3: УПРАВУВАЊЕ СО СРЕДСТВА И ОБВРСКИ ........ 16
PI-12. Управување со јавни средства ........ 16
PI-13. Управување со долг ........ 17
СТОЛБ 4. ФИСКАЛНА СТРАТЕГИЈА И БУЏЕТИРАЊЕ БАЗИРАНО НА ПОЛИТИКИ ........ 18
PI-14. Макроекономско и фискално предвидување ........ 18
PI-17. Процес на подготовка на буџетот ........ 18
СТОЛБ 5. Предвидливост и контрола на извршувањето на буџетот ........ 19
PI-19. Администрирање на локалните даноци ........ 20
PI-20. Сметководствена евиденција за приходи ........ 22
PI-23. Контроли на платен список ........ 22
PI-24. Јавни набавки ........ 23
СТОЛБ 6: Сметководствено евидентирање и известување ........ 26
PI-28. Извештаи за буџетот во рамки на годината ........ 26
PI-29. Годишни финансиски извештаи ........ 27
Анекс 1: Временска рамка за спроведување на акциски план на мерки за подобрување ........ 29
Анекс 2: Пресметки за PI-1, PI-2 и PI-3 ........ 30
Анекс 3: Вработени лица од општината кои учествуваа во процесот на самопроценка ........ 33
Анекс 4: Извори на информации користени за извлекување на докази за оценување на секој од индикаторите ........ 33
Анекс 5: Табела за конверзија на оценките за индикаторот со примена на методот на просек М2 (AV) ........ 35

## КРАТЕНКИ И АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| **УЈФ** | УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИ ФИНАНСИИ |
| **Проект на УСАИД** | Проект на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите |
| **PI** | Индикатор на успешност |
| **МФ** | Министерство за финансии |
| **БЈН** | Биро за јавни набавки |
| **ЕСПЕО** | Електронски систем за пријавување и евиденција на обврски |
| **М1** | Метод на оценување 1 |
| **М2** | Метод на оценување 2 |
| **WL** | Метод на најслаба алка |
| **AV** | Метод на просек |
| **NA** | Не е применливо |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **ДКЖЈН** | Државната комисија по жалби по јавни набавки и заштита на законитоста во постапките за јавни набавки |

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Овој извештај ги презентира наодите од спроведеното самооценување на општина Студеничани во управувањето со јавните финансии. Целта на само-оценката е да се утврдат слабите и силните страни во УЈФ со користење на квантитативни индикатори за мерење на перформансите и да се дефинираат мерки за подобрување на работењето на општината. Само-оценката е направена согласно *Прирачникот за самооценување на успешноста во управувањето на јавните финансии од страна на ЕЛС во РСМ,* подготвен во рамки на "Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите".

Извештајот претставува преглед на системот на УЈФ на општина Студеничани и мерење базирано на докази според 14 индикатори за успешност врз основа на воспоставените процеси и практики. Во него се презентирани наодите од извршената проценка и дадените мерки за подобрување на УЈФ.

Со проценката се опфатени 2019, 2020 и 2021 година како последни три завршени фискални години. Финансиските извештаи за 2020 година, за сметките: основен буџет и блок дотација се ревидирани од страна на Државниот завод за ревизија (ДЗР) и наодите презентирани во нивните извештаи се земени предвид при самооценување[1].

**Согласно Методологијата за мерење на успешноста во УЈФ, во сите индикатори се исклучуват приходите од кредити, вишокот на приходи од претходната година и расходите за отплата на главница по кредит. Доколку во годините кои се предмет на оценување има расходи од кредити се вклучуваат во калкулациите. Во периодот на оценката општина Студеничани нема приходи и расходи од кредитирање.**

Целта на извештајот е да се добие целосна слика за квалитетот и успешноста на системот за УЈФ, фокусирајќи се на планирањето и извршувањето на приходите и расходите во буџетскиот систем на општина Студеничани, а во насока на креирање на акциски план за воспоставување на одржливи буџетски реформи во општината.

Со проценката се утврдени следните предности на системот на УЈФ во општина Студеничани:

- ✓ Вкупните буџетски приходи и расходи се реални и се извршуваат според планираното.
- ✓ Јавните набавки се конкурентски и транспарентноста на набавките е задржана и во време на пандемијата преку порталот е-набавки.
- ✓ Зголемена е стапката на данокот на имот во 2021.

Со проценката се утврдени следните недостатоци на системот на УЈФ во општина Студеничани:

- ✓ Нереално планирање на расходите по економска класификација во делот на трансферите, и нереално планирање на приходите во делот на даноците на имот и приходите од продажба на земјиште.

[1] https://dzr.mk/mk/211230-revizija-na-usoglasenost-2021-els-studenichani

- ✓ Непостоење на регистар на основни средства и имот, што доведува до неефикасно користење и управување со средствата, како и определување на приоритетни капитални инвестиции.
- ✓ Во процесот на буџетирање не се прават среднорочни финансиски проекции за следните две години.
- ✓ Нецелосен и неажуриран регистар на данок на имот и проценка на вредноста на имотот.
- ✓ Неажурна евиденција и анализа на даночните долгови која доведува до значителен износ на ненаплатени приходи од данок на имот.
- ✓ Извештаите за извршување на буџетот и завршните сметки содржат нецелосни податоци и анализи.

## 1. Општ контекст

Општина Студеничани се стреми кон обезбедување забрзан и одржлив раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните. За да ги исполни овие цели, општината се насочува кон спроведување реформи во УЈФ, а во насока на подготовка на буџет заснован на долгорочни прогнози, зајакнување на процесот на извршување на буџетот, зголемување на наплатата на приходите, зајакнување на внатрешната контрола, подобрување на системот на јавни набавки и зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето.

Општина Студеничани е најголемата рурална општина која е дел од Скопскиот плански регион. Се граничи со општините Сопиште, Кисела Вода, Гази баба и Петровец на север и северозапад, општина Зелениково на исток, општина Чашка на југоисток, општина Македонски Брод на југозапад и запад. Фактот што е во близина на главниот град Скопје, придонесува општината да има доста добра географска положба и сообраќајна поврзаност. Релативно добро уредена приградска патна инфраструктура има само централната населба Студеничани која е на само 18 километри од Скопје, додека останатата локална патна инфраструктура е незначително развиена.

Општината се состои од 19 населени места во кои според последниот попис од 2021 живеат 21.970 жители. Во централната населба Студеничани живеат 8.004 жители (36,4%) од вкупниот број на жители во општината. Статистички податоци за демографсите податоци за општина Студеничани, Скопски регион и Република Северна Македонија се прикажани во табела 1.

**Табела 1: Главни демографски индикатори**

| Демографски индикатори | Општина Студеничани |
|---|---|
| Вкупно население | 21.970 |
| Вкупно домаќинства | 5.119 |
| Просечен број на членови во домаќинство | 4,3 |
| Вкупно станбени единици | 5.574 |

*Извор: Државен завод за статистика. МАКСтат база, 2022; Попис на население и домаќинства 2021*

Во општината има 258 активни деловни субјекти, од кои најзастапени дејности се трговија на големо и мало, поправка на моторни возила и мотоцикли, градежништвото и преработувачка индустрија. Стапката на активно, вработено и невработено население во општината се значително пониски од стапките во скопскиот регион и државата. 27.9% од населението е активно население. Стапката на вработено население изнесува 20.3% а стапката на невработено население е 7.6%.

**Табела 2: Главни макроекономски показатели**

| Економија | | | |
|---|---|---|---|
| Активни бизнис субјекти | број | 2021 | 258 |
| Стапка на активно население | % | 2021 | 27,9 |
| Стапка на вработено население | % | 2021 | 20.3 |
| Стапка на невработено население | % | 2021 | 7.6 |

*Извор: Државен завод за статистика. МАКСтат база, 2022; Попис на население и домаќинства 2021*

Во рамки на своите надлежности, општина Студеничани е основач на едно јавно комунално претпријатие ЈКП "Студеничани" и три основни училишта, кои имаат статус на општински буџетски единки корисници. Финансиското работење на основните училишта т.е. проекцијата и реализацијата на нивните приходи и расходи се дел од Буџетот на општина Студеничани, односно од консолидираниот буџет на општината.

## 2. Анализа на успешноста на Управувањето со јавните финансии

### 2021 Резиме на индикаторите на успешност

| Индикатор/Димезија | Оценка |
|---|---|
| **1. Вкупна реализација на расходите** | **A** |
| **2. Реализација на составот на расходи** | **C+** |
| 2.1 Реализација на составот на расходи според главна функција или сектор | B |
| 2.2 Реализација на составот на расходите според економски вид | C |
| 2.3 Расход од резервите за непредвидени ситуации (буџетски резерви) | A |
| **3. Реализација на приходи** | **B+** |
| 3.1 Реализација на вкупни приходи од сопствени извори | A |
| 3.2 Реализација на составот на приходите | B |
| **5.1 Буџетска документација** | **C** |
| **12. Управување со јавни средства** | **D** |
| 12.2 Следење на основни средства и имоти (нефинансиско средство) | **D** |
| 12.3 Транспарентност на отуѓувањето на средствата | **D** |
| **13. Управување со долгот** | **C** |
| 13.1 Евидентирање, известување и управување со долг и гаранции | C |
| **14. Макроекономско и фискално предвидување** | **D** |
| 14.3 Среднорочни буџетски проценки на приходи и расходи | D |
| **17.Процес за подготовка на буџет** | **D** |
| 17.1 Буџетски календар (управување со процесот за подготовка на буџет) | D |
| **19. Даночна администрација** | **D+** |
| 19.2 Регистар на данок на имот и проценка на вредноста | C |
| 19.4 Следење на даночните долгови (данок на имот, промет,наследство и подарок) | D |
| **20. Сметководствено евидентирање за приходи** | **A** |
| 20.1 Информации за наплати на приходи | **A** |
| **23. Контроли на платен список** | **A** |
| 23.2 Управување со промените на платниот список | **A** |
| **24. Набавки** | **A** |
| 24.1 Спроведување и следење на набавки | **A** |
| 24.2 Методи на набавки | **A** |
| 24.4 Управување и транспарентност на жалби по јавни набавки | **A** |
| **28. Извештаи за буџетот во рамки на годината** | **D+** |
| 28.1 Покриеност и споредливост на извештаите | **D** |
| 28.2 Време и точност на извештаите за буџетот во рамки на годината | **C** |
| **29. Годишни финансиски извештаи** | **D** |
| 29.1 Целосност на годишните финансиски извештаи | **D** |

## СТОЛБ 1: ВЕРОДОСТОЈНОСТ НА БУЏЕТОТ

Првиот столб се однесува на тоа дали буџетот на општината е реален и се спроведува според планираното. Тоа се мери со споредување на реализираните приходи и расходи со првично одобрениот буџет. Во овој столб се опфатени три индикатори кои ја мерат успешноста во реализацијата на општинските буџети преку утврдување на отстапувањата кај вкупните буџетски расходи споредени со првично одобрениот буџет, успешноста на реализацијата на расходите по функционална и економска класификација и искористувањето на буџетската резерва.
Проценката се базира на буџетираните и на реализираните приходи и расходи за трите последни завршени години 2019, 2020 и 2021, презентирани во консолидираниот буџет на општина Студеничани и консолидираните годишни финансиски извештаи на општина Студеничани кои се разгледани и усвоени од Советот на општината. Консолидираниот буџет на општина Студеничани го сочинуваат пет сметки: буџетска сметка, самофинансирачка сметка, сметка на дотации, сметка на донации и сметка на кредити.Буџетите на трите основни училишта кои се општински единки корисници се составен дел од консолидираниот буџет на општината и ги сочинуваат сметките за самофинансирачки активности, дотации и донации.
Консолидираниот буџет на општината содржи општ, посебен и развоен дел. **Општиот дел** ги содржи вкупните приходи и расходи распределени по функционална и економска класификација. **Посебниот дел** содржи план на одобрени средства по програми, потпрограми и ставки за фискалната година. Во посебниот дел на буџетот се прикажани расходите според класификацијата на расходите пропишана од Министерство за финансии, групирани по корисници и програми. Согласно законските прописи министерството за финансии има утврдено 16 програми/надлежности и 66 потпрограми. **Развојниот дел** ги содржи плановите на програмите за развој прикажани по развојни проекти. Во развојниот дел на буџетот се прикажуваат среднорочни планови за програмите за развој наменети за развојни инвестиции одобрени од Советот на општината[2]. За годините во кои се прави проценката, општина Студеничани нема развоен дел на буџетот. По истекот на фискалната година, Советот на општината донесува Годишна сметка на буџетот на општината. Годишната сметка ги содржи сите елементи што ги содржи буџетот на општината искажани како планирани и реализирани приходи и расходи за сите општински буџетски корисници.[3]
Деталните податоци и пресметки за индикаторите и димензиите дадени во овој столб се презентирани во Анекс 2.

### PI-1. Реализација на вкупни расходи

Овој индикатор содржи една димензија  која го мери степенот до кој реализацијата на вкупните буџетски расходи го одразува првично одобрениот износ, онака како што е дефинирано во буџетската документација и фискалните извештаи.
Податоците што се користени за пресметка на отстапувањето на вкупните расходи потекнуваат од финансиските извештаи на буџетот на општина Студеничани за 2019, 2020 и 2021 година како и првичните буџети за соодветните години (општ дел на планираниот буџет и годишната сметка). Во 2019 година општината првично планирала вкупни расходи во износ од 230.207.491 МКД, а на крајот на годината реализирала 226.544.729 МКД. Во 2020 година првично се планирани 220.097.913 МКД вкупни расходи, а реализирани 212.601.658 МКД. Во последната фискална година (2021) првично се планирани 198.766.000 МКД вкупни расходи, а реализирани 212.929.367 МКД на крајот на годината. Како што може да се забележи од табелата 3,апсолутното отстапување на

---

[2] https://finance.gov.mk/%d1%84%d0%b8%d1%81%d0%ba%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b0-%d0%b4%d0%b5%d1%86%d0%b5%d0%bd%d1%82%d1%80%d0%b0%d0%bb%d0%b8%d0%b7%d0%b0%d1%86%d0%b8%d1%98%d0%b0/
[3] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2009/02/Zakon-za-finansiranje-na-ELS_br.61-04.pdf

реализираните буџетски расходи наспроти првично одобрените буџетски расходи е најголемо во 2021 во износ од 7,1%. Во текот на 2021 општината добила трансфери од други нивоа на власт кои со ребаланс на првично одобрениот буџет се распределени на соодветни расходни ставки, и тоа резултира со надминување на реализираните буџетски расходи.

**Табела 3. Вкупни буџетски и реализирани расходи**

| | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|
| Буџет (првично одобрен) во МКД | 230.207.491 | 220.097.913 | 198.766.000 |
| Реализирано во МКД | 226.544.729 | 212.601.658 | 212.929.367 |
| Остварување на вкупните расходи | 98.4% | 96.6% | 107.1% |

Извор: Буџети и завршни сметки на општина Студеничани за 2019,2020,2021.

Општина Студеничани во сите три разгледувани години има висок процент на реализација на вкупните расходи кој секогаш е над 96%, односно во 2019 година изнесува 98.4%, во 2020 година незначително се намалува на 96.6% а во 2021 година се зголемува на високи 107.1% и покрај тоа што 2020 година и 2021 година беа исклучително финансиски неизвесни години во кои општината, земјата па и светот се соочуваа со здравствено-економска криза предизвикана од пандемијата со КОВИД 19 и последиците од неа.
**Бидејќи реализацијата на вкупните расходи на општина Студеничани во сите три години опфатени со проценката се движи помеѓу 95 и 105 проценти, а критериум за оценка е реализацијата на вкупните** расходите да е помеѓу 95% и 105% од одобрените вкупни буџетирани расходи во најмалку две од последните три години, **оценката за оваа димензија е А.**

| Индикатор/Димензија | Оценка |
|---|---|
| **PI-1. Вкупна реализација на расходи** | **A** |
| 1.1. Вкупна реализација на расходите | A |

## PI-2. Реализација на составот на расходите

Со овој индикатор се мери нивото до кое прераспределувањата помеѓу главните буџетски категории во текот на извршувањето на буџетот придонеле за отстапување во составот на расходите. Тој содржи три димензии кои го мерат отстапувањето на реализираните расходи од првично одобрениот буџет по надлежност/програма, економска класификација и уделот на резервите во буџетот на општината. Периодот на проценка е за фискалните години 2019, 2020 и 2021. Овој индикатор се оценува по методот на најслаба алка М1 (WL), каде што слабата успешност на една димензија ќе влијае на добрата успешност врз другите димензии на истиот индикатор. Вкупната оценка за индикаторот е најниската оценка дадена за некоја димензија, и онаму каде што некоја од другите димензии добива повисока оценка, се додава „+“ на оценката за индикаторот.

Оценката за овој индикатор во општина Студеничани е **C+**, поради најниската оценка на димензијата 2.2 (C) , а додаденото „+“ произлегува од повисоките оценки (B и A) на димензиите 2.1 и 2.3.

| Индикатор/Димензија | Оценка |
|---|---|
| **PI -2. Реализација на составот на расходи М1 (WL)** | **C+** |
| 2.1 Реализација на составот на расходи според главна функција или сектор | B |
| 2.2 Реализација на составот на расходите според економски вид | C |
| 2.3 Расход од резервите за непредвидени ситуации (буџетски резерви) | A |

## 2.1. Реализација на составот на расходи според главна функција или сектор

Со оваа димензија се мери отстапувањето во составот на расходите по програми, во последните три години. Согласно методологијата за мерење на успешноста, во пресметките за оваа димензија не се вклучени расходите за буџетски резерви, каматата и отплата на главница. Податоците и пресметките за оваа димензија се земени од Посебниот дел на првично одобрените буџети и завршните сметки на општина Студеничани за 2019, 2020 и 2021 година.

**Графикон 1. Отстапување во составот на расходите по програми**




Извор: Буџети и завршни сметки на општина Студеничани за 2019,2020,2021

Од разгледаните финансиски извештаи на општина Студеничани и направените пресметки согласно методологијата на PEFA, најзачестено и најголемо отстапување во составот на расходите се јавува во програма L-Спорт и рекреација. Општината се соочила со ниска реализација на првично планираните расходи, како резултат на одложените спортски активности поради пандемијата со КОВИД 19, а особено во 2019 кога целосно не се реализирани планираните расходи. Истото се јавува во 2020 година кај програмата за F-Урбанистичко планирање и во 2021 година кај програмата за G-Локален економски развој. За разлика од овие програми, во програмата J-Комунални активности имаме спротивна ситуација, каде реализираните капитални расходи се поголеми од првично планираните и отстапувањето е најголемо во 2021 година (39%). Од спроведената анализа може да се забележи дека расходите кои биле нереализирани поради пандемијата се прераспределени за капитални проекти. Во останатите програми има незначително отстапување, освен во програмата А-Совет на општина во 2020 година (31%), каде повторно не се реализирани планираните трансфери до спортски клубови како резултат на одложените спортски манифестации поради КОВИД 19.(Графикон 1)

**Табела 4 : Матрица на резултати за пресметка на димензија 2.1**

| Година | Отстапување во составот на расходите по програми |
|---|---|
| 2019 | 4.0% |
| 2020 | 6.3% |
| 2021 | 13.2% |

Извор: Буџети и завршни сметки на општина Студеничани за 2019,2020,2021

**Бидејќи отстапувањето во составот на расходите по надлежности/програми на општина Студеничани изнесува 4% во 2019 и 6,3% во 2020(табела 4), а критериум за оценка е отстапувањето во составот на расходите** да биде помалку од 10% во најмалку две од последните три години, **оценката за оваа димензија е B.**

## 2.2. Реализација на составот на расходите по економски вид

Со оваа димензија се мери разликата помеѓу првично одобрениот буџет и остварениот состав на расходите по економска класификација на крајот на годината за последните три години, вклучувајќи ја каматата на долгот, но не вклучувајќи ги ставките за непредвидени ситуации (буџетска резерва)и отплата на главница. Податоците и пресметките за оваа димензија се земени од Билансот на приходи и расходи на првично одобрените буџети и завршните сметки на општина Студеничани за 2019, 2020 и 2021 година.

**Графикон 2. Отстапување во составот на расходите по економска класификација**




Извор: Буџети и завршни сметки на општина Студеничани за 2019,2020,2021

Од разгледаните финансиски извештаи на општина Студеничани и направените пресметки согласно методологијата на PEFA, најзачестено и најголемо отстапување во составот на расходите се јавува во 2020 година кај трошоците за камата за отплата на главница (89%) и нереализираните трансфери во 2021 година (57%). Кај платите и бенефициите во двете последни фискални години имаме зголемување на потрошениот износ од првично планираниот, како резултат на непрецизно првично планирани износи за плати во основното образование во 2020 година, и зголемување на висината на платите во основното образование во текот на 2021 година. Од извршената анализа може да се забележи дека капиталните расходи секоја година се потценети, а особено во 2021

година кога отстапувањето на реализираниот износ од планираниот изнесува 57%, кој произлегува од склучените договори во текот на годината со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за капитални проекти. Во 2021 година значително потценување се јавува и кај субвенциите, а се однесуваат на зголемениот износ на дадени субвенции на општинското јавно комунално претпријатие (Графикон 2).

**Табела 5 : Матрица на резултати за пресметка на димензија 2.2**

| **Година** | **Отстапување во составот на расходите по економска класификација** |
|---|---|
| **2019** | **5.7%** |
| **2020** | **11.5%** |
| **2021** | **14.9%** |

Извор: Буџети и завршни сметки на општина Студеничани за 2019,2020,2021

**Бидејќи отстапувањето во составот на расходите по економска класификација на општина Студеничани во сите три фискални години се движи од 5,7% до 14,9% (табела 5), а критериум за оценка е отстапувањето во составот на расходите** да биде помалку од 15% во најмалку две од последните три години, **оценката за оваа димензија е С.**

## 2.3. Расходи од резервите за непредвидени ситуации

Со оваа димензија се мери просечниот износ на расходи од ставката за непредвидени ситуации (буџетски резерви) во последните три години.
Според член 11 од Законот за буџети[4] , постојаните и тековните буџетски резерви се користат за справување со последици од природни катастрофи и други непредвидени настани. Издвојувањата за постојаните буџетски резерви не можат да бидат намалени со прераспределување во текот на годината, но може да се зголемат.

**Табела 6 : Матрица на резултати за пресметка на димензија 2.3**

| **Година** | **Првично планирани вкупни расходи во МКД** | **Реализирани расходи за резерви во МКД** | **Удел на потрошени резерви во буџетот** |
|---|---|---|---|
| 2019 | 230,207,491 | 471,000 | **0,2%** |
| 2020 | 220,097,913 | 206,908 | **0,1%** |
| 2021 | 198,766,000 | 359,000 | **0,2%** |

Извор: Буџети и завршни сметки на општина Студеничани за 2019,2020,2021

За оценка на оваа димензија беа разгледани билансот на приходи и расходи за 2019, 2020 и 2021 година. Уделот на потрошената буџетска резерва во 2019 и 2020 изнесува 0,2% од вкупно планираните расходи во општината, а во 2020 е 0,1%. Просекот на потрошената буџетска резерва за последните три завршени фискални години во општина Студеничани изнесува 0,2%.(Табела 6).

**Бидејќи износот на буџетските резерви е регулиран со Законот за буџети и не може да надмине 3% од вкупните тековни расходи на основниот буџет, оценката за оваа димензија е А.**

[4] Закон за буџетите, Сл. весник на РМ бр. 64/2005, од 03.08.2005

## PI-3. Реализација на приходите

Со овој индикатор се мери отстапувањето на приходите помеѓу првично одобрениот буџет и реализираното и ги опфаќа фискалните години 2019, 2020 и 2021. Тој содржи две димензии и го применува методот на просек: M2 (AV). Вкупната оценка за овој индикатор дадена со овој метод се заснова на приближен просек на оценките за поединечните димензии на индикаторот, како што е наведено во табела за конверзија (Анекс 5). Податоците и пресметките за овој показател се дадени во Анекс 2.

| Индикатор/Димензија | Оценка |
|---|---|
| **PI -3. Реализација на приходи  M2 (AV)** | **B+** |
| 3.1 Реализација на вкупни приходи | A |
| 3.2 Реализација на составот на приходи | B |

### 3.1. Реализација на вкупни приходи

Со оваа димензија се мери отстапувањето на вкупните приходи помеѓу првично одобрениот буџет и реализираното.

**Табела 7. Вкупни буџетски и реализирани приходи**

| | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|
| Буџет (првично одобрен) во МКД | 178.321.000 | 220.097.913 | 199.580.000 |
| Реализирано во МКД | 174.538.898 | 212.800.244 | 210.960.895 |
| Остварување на вкупните приходи | 97.9% | 96.7% | 105.7% |

**Бидејќи остварувањето на реализираните вкупни приходи изнесува 97,9% во 2019 и 105,7% во 2021**, а критериум за оценка е остварувањето да е помеѓу 97 и 105 % во две од последните три години, **оценката за оваа димензија е А.**

### 3.2. Реализација на составот на приходи

Со оваа димензија се мери отстапувањето на составот на приходите по економска класификација во последните три години.

**Графикон 3. Отстапување во составот на приходите по економска класификација**




Извор: Буџети и завршни сметки на општина Студеничани за 2019,2020,2021

Отстапувањето на составот на приходите е 5,3% во 2019, 9,6% во 2020 и 10% во 2021 година. Имено, проценките на приходите од продажба на земјиште и нематеријални вложувања, неданочните приходи и даноците на имот придонесоа за најголем дел од неусогласеноста на реализираните вредности поради преценување на првично планираните износи.

**Табела 8. Матрица на резултати за пресметка на димензија 3.2**

| | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|
| Отстапување во составот (проценти) | 5,3% | 9,6% | 10% |

**Бидејќи отстапувањето на составот на приходите на општина Студеничани изнесува 5,3 % во 2019 и 9,6% во 2020 (Табела 8), а критериум за оценка е отстапувањето во составот на приходите да биде** помалку од 10% во најмалку две од последните три години, **оценката за оваа димензија е В.**

**СТОЛБ 2: ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ**

Столбот 2 мери дали буџетската класификација е согласно меѓународните стандарди, дали со предлог буџетот се изготвуваат дополнителни документи и информации кои вклучуваат сеопфатна финансиска анализа на општината и дали целокупната документација за управувањето со јавните финансии е достапна на јавноста.

## PI-5. Буџетска документација

Овој индикатор ги оценува придружните документи што се доставуваат до Советот на општината на разгледување заедно со предлог буџетот. Листата на документи што треба да се земе предвид при оценката на овој индикатор ги содржи следните четири основни и осум дополнителни елементи:

**Табела 9: Елементи опфатени со буџетската документација 2021**

| **Основни елементи:** | | **Достапни/ постоечки изработени документи** |
|---|---|---|
| 1 | Фискална табела (прогноза на фискалниот дефицит или суфицит и извештај за готовински тек) | Да |
| 2 | Реализација на буџетот од претходната година, претставена во истиот формат како и предлог-буџетот | Не |
| 3 | Буџетот за тековната фискална година претставен во истиот формат како и предлог-буџетот | Да |
| 4 | Вкупни податоци за буџетот (приходите и расходите според економска и функционална класификација), вклучувајќи податоци за тековната и претходната година со детално расчленување на проценките на приходите и расходите | Да |

| Дополнителни елементи: | | Достапни/ постоечки изработени документи |
|---|---|---|
| 5 | Финансирање на дефицит, со опишување на неговата очекувана структура | Не |
| 6 | Макроекономски проекции, вклучувајќи барем проценки за растот на БДП, инфлацијата, каматните стапки и девизниот курс | N/A |
| 7 | Состојбите на долгот | Не |
| 8 | Финансиски средства | N/A |
| 9 | Информации за фискалните ризици, вклучително и непредвидени обврски, како што се гаранции, и непредвидени облигации, како што се договорите за јавно-приватно партнерство (ЈПП) | Не |
| 10 | Образложение на буџетските импликации на новите иницијативи и големи јавни инвестиции, со проценки на буџетското влијание во приходите и расходи (пр. воведување нови даноци, такси и сл.) | Не |
| 11 | Документација за среднорочните фискални прогнози | Не |
| 12 | Износи на даночните расходи (даночни загуби) | Не |

Овој индикатор содржи една димензија и се оценува по следниот критериум:

| Оценка | 1 неприменлив елемент | 2 неприменливи елементи | 3 неприменливи елементи |
|---|---|---|---|
| **A** | 4 основни елементи<br>5 дополнителни елементи | 4 основни елементи<br>4 дополнителни елементи | 4 основни елементи<br>3 дополнителни елементи |
| **B** | 3 основни елементи<br>3 дополнителни елементи | 3 основни елементи<br>2 дополнителни елементи | 3 основни елементи<br>1 дополнителни елементи |
| **C** | 3 основни елементи | 3 основни елементи | 3 основни елементи |
| **D** | Помалку од 3 основни елементи | | |

За оценка на овој индикатор беше разгледан последниот предлог буџетот поднесен до советот на општината за 2022 година. Тој е придружен со трите основни елементи: фискална табела (прогноза на фискалниот дефицит или суфицит и извештај за готовински тек), буџетот за тековната фискална година претставен во истиот формат како и предлог-буџетот и вкупни податоци за буџетот (приходите и расходите според економска и функционална класификација), вклучувајќи податоци за тековната и претходната година со детално расчленување на проценките на приходите и расходите.

**Бидејќи буџетската документација за 2022 за општина Студеничани е придружена со три основни елементи и нема дополнителни елементи, оценката за оваа димензија е C.**

| Индикатор/Димензија | Оценка |
|---|---|
| **PI-5. Транспарентност на јавните финансии  М2 (AV)** | **C** |
| 5.1 .Буџетска документација | C |

## СТОЛБ 3: УПРАВУВАЊЕ СО СРЕДСТВА И ОБВРСКИ

Столб 3 мери дали ефективното управување со средствата и обврските гарантира дека јавните инвестиции обезбедуваат вредност за потрошените пари, средствата се евидентираат и управуваат, се идентификуваат фискалните ризици, а долговите и гаранциите внимателно се планираат, одобруваат и следат. Во овој столб опфатени се два индикатори кои го опфаќаат следењето на имотот на општината и негова транспарентност и управувањето со домашниот и надворешниот долг.

## PI-12. Управување со јавни средства

Овој индикатор го оценува управувањето и следењето на општинските средства и транспарентноста на отуѓувањето на средствата. За потребите на ова оценување опфатени се две димензии кои се оценуваат по методот на просек: M2 (AV). Вкупната оценка за овој индикатор дадена со овој метод се заснова на приближен просек на оценките за поединечните димензии на индикаторот, како што е наведено во табела за конверзија (Анекс 5).

| Индикатор/Димензија | Оценка |
|---|---|
| **PI- 12. Управување со јавни средства  M2 (AV)** | **D** |
| 12.2. Следење на основни средства и имоти  (нефинансиско средство) | D |
| 12.3. Транспарентност на отуѓувањето на средствата | D |

### 12.2. Следење на основни средства и имот (нефинансиски средства)

Оваа димензија оценува дали општината води попис на имот и средства, земјиште, подземна инфраструктура односно подземен катастар (фекална канализација, атмосферска канализација, електрична инфраструктура, водена пареа итн.) со податоци за вредноста на имотот. Водењето регистар е основно барање за да може општината подобро да ги одбере приоритетните инвестициски програми и да ги земе предвид трошоците за одржување на инвестициите.

Во општина Студеничани не се води регистар на основни средства и имоти со податоци за вредноста и староста на имотот. Во 2021 година, општината нема направено физички попис на основните средства во општинската зграда. Од разгледаната сметководствена документација (бруто биланс) се утврди дека  од 2021 година новоизградената патна инфраструктура сметководствено се евидентира и за истата се пресметува амортизација.
**Општина Студеничани не води регистар на недвижен имот и оценката за оваа димензија е D.**

### 12.3. Транспарентност на отуѓувањето на средствата

Оваа димензија оценува дали постапките за пренос (давање на користење) и отуѓување на финансиски и нефинансиски средства се воспоставени преку интерни процедури на општината. Таа проверува дали се обезбедуваат информации за Советот на општината или за јавноста за преносот и отуѓувањето и дали истите се вклучени во буџетските документи и финансиските извештаи. Во 2021 година во општината нема спроведено постапка на отуѓување или давање на користење на основно средство.

Од претходното искуство во 2019, постапката за давање на користење на основни средства на јавното претпријатие е спроведена со одобрување на советот на општината. И покрај тоа што советот донел Одлука за давање на користење две специјални товарни возила за собирање и транспорт на отпад на ЈКП "Студеничани", нема податоци за староста и износот на основното средство. Општината нема изготвено пишана процедура за пренос и оттуѓување на основните средства.

**Бидејќи општина Студеничани нема пишана процедура за пренос или отуѓување на финансиски и нефинансиски средства, оценката за оваа димензија е D.**

## PI-13. Управување со долг

Овој индикатор го мери управувањето со домашниот и надворешниот долг и гаранциите, и содржи три димензии, но за целите на ова оценување опфатена е една димензија. Тој идентификува дали општината има воспоставено пракса за евиденција и анализа на долгот. Со индикаторот опфатена е последната завршена фискална година 2021.

### 13.1. Евидентирање, известување и управување со долг и гаранции

Оваа димензија мери дали општината води детална евиденција на долгот по рок на доспеаност на плаќање, дали обврските годишно се усогласуваат со доверителите и дали се прават анализи на трошокот за долгот (затезни камати, извршни решенија и сл.). Покрај тоа, општината треба да подготвува сеопфатни извештаи за управување со долгот и статистички извештаи кои го покриваат сервисирањето на долгот и состојбата на заостанатиот долг.
Согласно Закон за пријавување и евиденција на обврските, недоспеани и доспеани, општините имаат обврска најдоцна до 10-ти во месецот да ги пријават обврските за претходниот месец во Електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврските-ЕСПЕО во Министерство за финансии. Пријавените обврски од општините МФ ги објавува на квартално ниво.
Согласно Закон за финансирање на ЕЛС, општината доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината квартални извештаи за доспеани долгови во рок од еден месец по завршување на кварталот. Формата и содржината на извештаите е пропишана од МФ.
За мерење на оваа димензија беа разгледани Кварталните извештаи К2 и К3 за 2021 година и финансиските картици за обврски кон добавувачи и обврски по кредити и месечната евиденција од ЕСПЕО. Од разгледаната документација на општината се утврди дека сметководствена евиденција е усогласена со трезорската евиденција во Министерство за финансии, а за управувањето со долгот општината користи алатката за контролна евиденција на неплатените обврски постари од 60 дена која беше понудена од Проектот на УСАИД. Општината нема воспоставено пракса за годишно порамнување со доверителите.

**И, покрај тоа што евиденцијата на долговите се ажурира редовно и усогласува со ЕСПЕО и се прави анализа за управување со долгот за неплатените обврски постари од 60 дена, оценката за оваа димензија е C, бидејќи општината не прави порамнување со доверителите на годишно ниво**

| Индикатор/Димензија | Оценка |
|---|---|
| **PI-13. Управување со долгот М2 (AV)** | **C** |
| 13.1 Евидентирање, известување и управување со долг и гаранции | C |

## СТОЛБ 4. ФИСКАЛНА СТРАТЕГИЈА И БУЏЕТИРАЊЕ БАЗИРАНО НА ПОЛИТИКИ

Столб 4 опфаќа дали буџетот на општината се планира врз основа на стратешките документи на општината, дали се земени предвид макроекономските и фискални проекции на централната власт, дали проценките на планираниот буџет се засновани на претходно спроведена финансиска анализа на општината. Овој столб го опфаќа и управувањето со процесот за подготовка на буџетот.

### PI-14. Макроекономско и фискално предвидување

Овој индикатор ја оценува способноста на општината да развие среднорочен буџет расчленет според административна, програмска (или функционална) и економска класификација и усогласен со стратешките планови за испорака на услуги. Овој индикатор содржи четири димензии, но за целите на ова оценување опфати една димензија.

#### 14.3. Среднорочни проценки на приходите и расходите

Оваа димензија оценува дали годишниот буџет на општината се прави со среднорочни проценки и дали се подготвуваат буџети за наредните две години. Приходите и расходите треба да бидат расчленети по административна, програмска (или функционална) и економска класификација. Среднорочните проценки на приходите и расходите треба да бидат направени со анализа на фискалниот капацитет и анализа на одржливоста на инвестициите. За оценка на оваа димензија во општина Студеничани беше разгледана документацијата за Буџетот за 2022 година.

**Годишниот буџет за 2022 година не е подготвен со среднорочни проценки и општината нема подготвено буџети за наредните две фискални години 2023 и 2024 , така што оваа димензија е оценета со D.**

| Индикатор/Димензија | Оценка |
|---|---|
| **PI-14. Макроекономско и фискално предвидување M2 (AV)** | **D** |
| 14.3 Среднорочни буџетски проценки на приходи и расходи | D |

### PI-17. Процес на подготовка на буџетот

Овој индикатор го мери процесот на подготовка на буџетот, дали општината подготвува буџетски календар, буџетски циркулар до буџетските корисници и дали буџетот е навремено донесен од Советот на општината. Тој содржи три димензии, но за целите на ова оценување ќе опфати една димензија. Временскиот период за оценка на овој индикатор е последниот донесен буџет на општината за 2021.

#### 17.1. Буџетски календар (управување со процесот за подготовка на буџет)

Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа утврден е буџетскиот календар во кој се утврдуваат роковите за планирање на општинскиот буџет од страна на советот на општината. Со носењето на буџетот или веднаш по носењето на буџетот, се донесува буџетски

календар што ги дефинира сите активности што значат подготвување на буџетот, извршување на буџетот низ финансиските извештаи што ги доставува општината или следење на извршувањето на буџетот од општинската администрација со конкретни датуми. Оваа димензија оценува дали постои јасен буџетски календар за општината, до кој степен се почитува и дали им дава доволно време на секторите/одделенијата и буџетските корисници да подготват добро планирани предлог-буџети.

За оценка на овој индикатор земен е предвид буџетскиот календар на општина Студеничани за 2021 година, кој е усвоен од Советот на општината во декември 2020, но планираните рокови за сите активности се преценети. Согласно календарот градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финасиските планови до сите сектори, оделенија и буџетски корисници и го доставува најдоцна до 30-ти април, а буџетските единици ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите во позиции најдоцна до 31-ви мај. Во пракса општината не подготвува буџетски циркулар, туку се одржуваат консултативни состаноци со буџетските корисници и секторите. Во буџетскиот календар е пропишано дека секторот за финансии го изготвува нацрт-буџетот и го доставува до Градоначалникот најдоцна до 31-ви јули, а во пракса општината не подготвува нацрт буџет.

Општина Студеничани со поддршка на Проектот на УСАИД има изработено нов буџетски календар за 2023 со реалистични рокови како и граѓански буџет за 2022 година кој е објавен на општинската веб страница[5].

**И покрај тоа што во општина Студеничани постои годишен буџетски календар кој им овозможува на сите буџетски единици најмалку четири недели од приемот на буџетскиот циркулар да ги завршат своите детални проценки навреме, роковите во буџетскиот календар не се почитуваат, и оттаму оценката ќе биде D.**

| **Индикатор/Димензија** | **Оценка** |
|---|---|
| **PI-17 Процес на подготовка на буџетот М2 (AV)** | **D** |
| 17.1 Буџетски календар (управување со процесот за подготовка на буџет) | D |

**СТОЛБ 5. Предвидливост и контрола на извршувањето на буџетот**

Столб 5 следи дали буџетот се спроведува со систем на ефективни стандарди, процеси и внатрешни контролни механизми со што се осигурува дека ресурсите се стекнуваат и се користат како што е пропишано.

Овој столб, кој содржи четири индикатори за самооценка на успешноста, го опфаќа администрирањето на локалните сопствени приходи, сметководственото евидентирање на приходите, интерните контроли на платениот список и спроведувањето, следењето и транспарентноста на јавните набавки.

[5] http://studenicani.gov.mk/buxheti-i-qytetarve/?lang=mk

## PI-19. Администрирање на локалните даноци

Овој индикатор се следи преку две димензии и ја согледува успешноста во администрирањето на данокот на имот и проценката на вредноста на имотот како и ефикасноста во следењето на даночните долгови по основ на данок на имот, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности. Се проценуваат постапките што се користат за евиденција, наплата и следење на приходите на општината по основ на данокот на имот. Периодот на проценка на двете димензии е 2021 година. Како дополнителен извор на информации за ефикасноста на воспоставениот систем за администрирање на данокот на имот се користат извештаите на Државниот завод за ревизија, за ревизија на финансиските извештаи на општина Студеничани за 2020 година[6,7] и наодите презентирани во истите.

За потребите на ова оценување опфатени се две димензии кои се оценуваат по методот на просек: M2 (AV). Вкупната оценка за овој индикатор дадена со овој метод се заснова на приближен просек на оценките за поединечните димензии на индикаторот, како што е наведено во табела за конверзија (Анекс 5).

| **Индикатор/Димензија** | **Оценка** |
|---|---|
| **PI-19. Даночна администрација M2 (AV)** | **D+** |
| 19.2. Регистар на данок на имот и проценка на вредноста | C |
| 19.4. Следење на даночните долгови (данок на имот, промет, наследство и подарок) | D |

### 19.2. Регистар за данок на имот и проценка на вредноста

Димензијата го оценува степенот до кој сопствените приходи на општината од данокот на имот имаат придобивки од сеопфатна и точна даночна основа.

За администрирање на данокот на имот и другите локални даноци и такси, општина Студеничани користи локално развиена софтверска апликација, последно надградена со дополнителни 5 модули преку Проектот на УСАИД во 2022 година.

Регистарот на данокот на имот, кој автоматски е генериран во даночната софтверска апликација, содржи информации за недвижниот имот и тоа: број на парцела и површина, вид на објект и површина, имотни права, користење на недвижниот имот и проценета вредност на имот. Последна целосна проценка на вредноста на имотот евидентиран во регистарот на данок на имот во општина Студеничани е направена во 2010. Од тогаш па се до 2021 година, Општината спроведувала само индивидуално ажурирање на регистарот со податоци од еднократните промени на недвижниот имот врз основ на наследство, подарок или купопродажба на недвижниот имот. Бидејќи континуирана целосна проценка и ажурирање на базата на податоци за данок на имот за 2021 година не извршена, облогот кој е евидентиран во даночната и сметководствената евиденција на општината за 2021 година не ја прикажува точната состојба на даночните обврзници и износот на данокот на имот кој како сопствен приход треба да го наплати општината. Вреди да се напомене дека со поддршка на Проектот на УСАИД во тек е ажурирање на базата на податоци за недвижен имот за 2022 година и оваа активност се очекува да биде реализирана до рокот за издавање на даночните решенија за 2023 година.

---

[6] https://dzr.mk/mk/180418-revizija-regularnost-2017-els-studenicani-smetka-osnoven-budzet-637

[7] https://dzr.mk/mk/180418-revizija-regularnost-2017-els-studenicani-smetka-osnoven-budzet-630

Во годината за која се прави проценката со Одлука на совет бр.08-1240/10, зголемена е висината на стапките кои ќе се применуваат во 2022 година. Стапката која ќе се применува за даноците на имот од 0,10% се зголемува на 0,20 %. Согласно истата Одлука стапката за данок на промет на недвижности изнесува 3%, а стапката за наследство и подарок за втор наследен ред изнесува 3%, а за трет и понатамошен ред стапката е зголемена од 4% на 5%.
Заради ограничените капацитети на општината, недоволен број на даночни работници во даночното одделение, не се прави редовно ажурирање на податоците во регистарот на данокот на имот што индиректно доведува до нереално искажување на пазарната вредност на недвижниот имот и нереална проекција на потенцијалните општински приходи од данокот на имот и нивна наплата.
**Бидејќи регистарот во кој се евидентира недвижниот имот (парцелите и објектите) не е сеопфатен и целосен и содржи податоци за вредноста на недвижниот имот кои се постари од 10 години, оценката за оваа димензија е C.**

### 19.4. Следење на даночните долгови (данок на имот, промет, наследство и подарок)

Димензијата го оценува степенот на правилно управување со заостанатите долгови за основните даноци во општината, насочувајќи се на нивото и староста на заостанатите долгови за основните даноци. Тоа ќе обезбеди општината да ја максимизира наплатата на заостанатите долгови за основните даноци пред долговите да станат ненаплатливи.
Општината почнувајќи од 2021 започнува да ги евидентира побарувањата од данок на имот, промет и наследство и во сметководствената евиденција.
За оценка на оваа димензија разгледана е даночната евиденција, буџетот на општината и билансот на состојба за 2021 година.
Согласно разгледаната документација, вкупните основни даночни долгови (данокот на имот, промет, наследство и подарок) во сметководствената евиденција на општина Студеничани, на крајот на последната завршена фискална година, односно 2021 година, зафаќаат 34% од вкупно остварените даноци за годината.
Општина Студеничани има воспоставена пракса за редовно и навремено доставување на решенија за данок на имот и решенија за комунална такса во рамки на законски утврдените рокови. Доколку даночниот обврзник не го подмири својот даночен долг во зададениот рок, општината доставува опомена според која заостанатиот долг обврзникот има обврска да го плати во рок од 8 дена, но тука завршува целата активност за наплата на даночните побарувања. Општината не спроведува присилна наплата на даночниот долг, ниту кон правни ниту кон физички лица даночен долг. Дополнително и ДЗР во својот наод нотирал дека за даночните побарувања кои не се платени во пропишаниот рок општината не пресметува и не наплатува камата која исто така е пропишана во висина 0,05% за секој ден задоцнување.
За време на проценката, не беше обезбедена евиденција за даночните долгови по датум на доспевање, и поради тоа податокот за вредноста на основните даночни долгови постари од 12 месеци за 2021 година не може да се обезбеди.

**Со оглед на тоа дека димензијата ја мери навремената наплата на заостанатите долгови пред истите да станат ненаплатливи, како и фактот дека општината нема информација за даночните долгови по датум на доспевање и нема пракса за иницирање на присилна наплата на ненаплатените даночни долгови, оценката е D.**

## PI-20. Сметководствена евиденција за приходи

Овој индикатор го оценува степенот до кој општината добива информации од централната власт за наплатените приходи, брзината на добиените информации и редовното усогласување на сметководствената евиденција. Тој содржи три димензии и го применува методот на најслаба алка М1 (WL), каде што слабата успешност на една димензија ќе влијае на добрата успешност врз другите димензии на истиот индикатор. За потребите на ова оценување, опфатена е само една димензија.

### 20.1. Информации за наплати на приходи

Оваа димензија ги оценува постапките за евидентирање и известување за наплатените приходи на општината. Таа мери дали општината навремено добива извештај со детални податоци за видовите на наплатени приходи и периодот на наплата, и дали се врши редовно усогласување на податоците. Согласно Законот за буџети, наплатата на сите приливи и извршувањето на сите одливи на буџетот на општините се евидентира преку Единствената трезорска сметка (ЕТС) на Министерството за финансии. Преку овој систем, министерството ја следи наплатата на приходите и другите приливи на трезорската сметка и врши распределба по општините и другите буџетски корисници. Начинот на трезорското работење на општините е пропишан со Упатство од Министерство за финансии.[8]

На општините на дневна основа достапни им се банкови изводи за прометот и состојбата на своите жиро сметки заради следење и евидентирање на промените на истите, како и на уплатните сметки за кои се надлежни преку апликацијата на Министерство за финансии Е-трезор.[9]
За оценката на оваа димензија беа разгледани Билансот на успех на општина Студеничани со состојба 31.12.2021 година и Извештајот за 2021 година од трезорската евиденција на Министерството за финансии. Од разгледаната документација се констатира дека сметководствената евиденција во општината е иста со трезорската евиденција во министерството. Извештајот на МФ, содржи податоци за сите видови на приходи расчленети на потставки и дата на приливот и тоа за сите жиро сметки на општината.

**Бидејќи секторот за финансии во општината има дневен пристап до податоците за сите наплатени приходи расчленети по видови за што се прави редовно усогласување со единствената трезорска сметка на МФ, оценката за оваа димензија е А.**

| Индикатор/Димензија | Оценка |
|---|---|
| **PI-20. Сметководствено евидентирање  за приходи М1 (WL)** | **А** |
| 20.1. Информации за наплати на приходи | А |

## PI-23. Контроли на платен список

Овој индикатор оценува дали кадровската евиденција на вработените е усогласена со платниот список, дали се прават корекции во исплатената плата, дали постои внатрешна контрола за

[8] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2009/03/%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%B0%D1%87%D0%B8%D0%BD%D0%BE%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D1%82%D1%80%D0%B5%D0%B7%D0%BE%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%BE%D1%82%D0%BE-%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B5%D1%9A%D0%B5-219_2018.pdf
[9] https://e-trezor.finance.gov.mk/eobvrski/home.seam

евиденција на вработените и дали платите се ревидирани од внатрешни или надворешни ревизори. Мерењето ги опфаќа платите на јавните службеници, додека исплатите за повремени работни ангажмани и дискрециони додатоци не се дел од овој индикатор. Тој содржи четири димензии и го применува методот на најслаба алка М1 (WL), каде што слабата успешност на една димензија ќе влијае на добрата успешност врз другите димензии на истиот индикатор. За потребите на ова оценување, тој опфаќа само една димензија.

### 23.2. Управување со промените на платен список

Оваа димензија оценува дали кадровата евиденција на вработените и платниот список се ажурираат навремено, дали постои ревизорска трага за промените и дали се прават ретроактивни промени на платата.
Во општина Студеничани сите настанати промени во платата на државните службеници се евидентираат секој месец, пред исплата на платата. За сите промени одделението за човечки ресурси подготвува правен акт (решение) и го доставува до одделението за финасии за исплата. Платите се исплаќаат најдоцна до 5-ти во месецот, а ретроактивни измени (корекции на плата) во годината кога се прави оценката не се забележани.

**Со оглед на тоа дека промените помеѓу персоналната евиденција на вработени и пресметките на плати се ажурираат на месечно ниво и навремено, пред платата за следниот месец и корекции на платата во општина Студеничани за 2021 не се забележани, оценката за оваа димензија е А.**

| **Индикатор/Димензија** | **Оценка** |
|---|---|
| **PI-23. Контроли на платен список М1 (WL)** | **А** |
| 23.2. Управување со промените на платен список | А |

## PI-24. Јавни набавки

Овој индикатор го проверува процесот на спроведување на јавните набавки. Тој се насочува на транспарентноста на постапките со особен акцент на отворените и конкурентни постапки, потоа следење на резултатите од јавните набавки и поднесување на жалби од економските оператори и нивна правна заштита. Тој ги покрива сите видови на јавни набавки и оценува дали за вложените пари се добиени квалитетни добра, услуги или работи. Период на оценка е последната фискална година односно 2021.
Јавните набавки во Република Северна Македонија се регулирани со тековниот Закон за јавни набавки[10] кој е усогласен  со новата директива на ЕУ и го регулира начинот и постапките за јавни набавки, надлежностите на Бирото за јавни набавки (БЈН), надлежностите на Државната комисија по жалби по јавни набавки и заштита на законитоста во постапките за јавни набавки, како и заштита на законитоста во постапките за доделување на концесии и договори за јавно приватни партнерства.

[10] https://www.bjn.gov.mk/category/zakon-za-avni-nabavki/

Овој индикатор содржи четири димензии,но за целите на ова оценување опфатени се три димензии кои се оценуваат по методот на просек: М2 (AV). Вкупната оценка за овој индикатор дадена со овој метод се заснова на приближен просек на оценките за поединечните димензии на индикаторот, како што е наведено во табела за конверзија (Анекс 5).

| **Индикатор/Димензија** | **Оценка** |
|---|---|
| **PI-24. Јавни набавки M2 (AV)** | **A** |
| 24.1 Спроведување и следење на набавки | A |
| 24.2 Методи на набавки | A |
| 24.4 Управување и транспарентност на жалби по јавни набавки | A |

**24.1. Спроведување и следење на јавни набавки**

Оваа димензија оценува дали се води евиденција за склучените договори од јавни набавки за тоа што е набавено, која е вредноста на набавката и со кој економски оператор е склучен договорот. Податоците треба да бидат прикажани по видови на постапки за јавни набавки (стоки, услуги и работи).

Општината има обврска јавните набавки да ги спроведува преку електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) кој овозможува поголема ефикасност, транспарентност и економичност во постапките. Начинот на користење на системот е пропишан со Правилник донесен од Министерство за финансии.[11]

ЕСЈН го опфаќа целиот процес на спроведување на тендер од објавување на повикот за тендер,поднесување на понуди, оценување и доделување на договори. Откако ќе биде одобрен годишниот буџет на општината, треба да се подготви планот за јавни набавки и да се објави најдоцна до 31 јануари секоја година, како и сите последователни измени, на ЕСЈН. Информациите за целокупниот процес на набавки,вклучувајќи ги известувањата за набавките, тендерските документации, информации за доделување на договорите, документација за склучени договори итн., се лесно достапни на ЕСЈН. Информациите за сите доделени договори , вклучително и договорите за мала вредностсе објавени на порталот.

За мерење на оваа димензија се користени податоци за 2021 година од ЕСЈН .

**Бидејќи во ЕСЈН се води целосна и точна евиденција за договорите за сите видови на постапки за набавки, вклучувајќи известувања за набавки, тендерска документација, известувања за доделување на договор, склучени и реализирани договори, оценката за оваа димензија е А.**

**24.2. Методи на набавки**

Оваа димензија ги оценува видовите на постапки за јавни набавки што се користени во 2021 година, и процентот на спроведени конкурентни постапки од вкупната вредност на доделените договори. Врз основа на податоците од ЕСЈН, во 2021 година во општина Студеничани биле склучени 9 договори за јавни набавки со вкупна вредност од 46.350.815 денари. Вкупната вредност на јавните набавки во 2021 година претставува 70% од основниот буџет на општината. Најчесто користениот

[11] https://www.bjn.gov.mk/podzakonski-akti-zjn/pravilnik-esjn/

начин на набавка според вредноста на договорите е поедноставена отворена постапка преку која се доделени 6 договори во износ од 24.756.815 денари (или 53% од вкупните јавни набавки). 2 договори со вкупна вредност од 21.240.000 денари (или 46% од вкупната вредност на јавните набавки) беа доделени со примена на отворена постапка. Во табела 10 се дадени детални информации за бројот и вредноста на договорите по постапките за набавки, врз основа на информациите од ЕСЈН.

**Табела 10: Видови на постапки, број и вредност на доделените договори**

| Вид на постапка | Конкурентски постапки | Број на доделени договори | Вредност на доделените договори во денари | Проценти од вкупен износ |
|---|---|---|---|---|
| Набавка од мала вредност | Да | 1 | 354,000 | 0.76 |
| Поедноставена отворена постапка | Да | 6 | 24,756,815 | 53.41 |
| Отворена постапка | Да | 2 | 21,240,000 | 45.82 |
| **ВКУПНО (Конкурентски постапки)** | | **9** | **46,350,815** | **100** |
| **ВКУПНО** | | **9** | **46,350,815** | **100** |

**Бидејќи во општина Студеничани во 2021 година кај сите доделени договори се применети конкурентни постапки, оценката за оваа димензија е А.**

## 24.4 Управување и транспарентност на жалби по јавни набавки

Оваа димензија оценува дали постапката на поднесување и решавање на жалби по јавните набавки е транспарентна и спроведена од независно тело.
Државната комисија по жалби е основана со посебен закон во 2008 година со надлежност да одлучува по жалби поврзани со договори за набавки, вклучувајќи и концесии и договори за ЈПП.
Таа е независно тело кое одговара на собранието на Република Северна Македонија. Нејзините одлуки донесени од петте членови назначени од страна на Собранието се конечни и обврзувачки.
Жалби во врска со тендерската документација, оценувањето и одлуката за доделување на договор се поднесуваат електронски. Сите одлуки автоматски се објавуваат на веб страницата на Државната комисија по жалби и се јавно достапни.

Жалбите по јавни набавки ги разгледува независно тело кое треба да ги исполни следните 6 критериуми:

(1) не е вклучено во никаква форма во трансакциите за набавки или во процесите кои водат кон одлуки за доделување договори;
(2) не наплаќа такси кои забрануваат пристап на засегнатите страни;
(3) ги следи процесите за поднесување и решавање на жалби кои се јасно дефинирани и јавно достапни;
(4) има овластување да го прекине процесот на набавка;
(5) донесува одлуки во рокот определен во правилата/прописите; и
(6) донесува одлуки кои се обврзувачки за секоја страна (без да се оневозможи последователен пристап до надворешни повисоки органи).

Во 2021 во општина Студеничани нема поднесено жалби по јавни набавки.

**Бидејќи жалбите по јавни набавки ги разгледува независно тело кое ги исполнува сите 6 критериуми со управувањето и транспарентноста на жалбите, оценката за оваа димензија е А[12].**

## СТОЛБ 6: Сметководствено евидентирање и известување

Столб 6 оценува како се води сметководствена евиденција во општината, дали се подготвуваат точни финансиски извештаи за извршување на буџетот и какви информации се содржани во годишните финансиски извештаи.

## PI-28. Извештаи за буџетот во рамки на годината

Овој индикатор ги оценува податоците презентирани во кварталните извештаи за извршување на буџетот на општината (К1). Тој мери дали извештаите се конзистентни со класификацијата на буџетот преку кои општината ја следи успешноста на извршувањето на буџетот и доколку е потребно да преземе корективни мерки.
Индикаторот содржи три димензии и го применува методот на најслаба алка М1 (WL), каде што слабата успешност на една димензија ќе влијае на добрата успешност врз другите димензии на истиот индикатор. Вкупната оценка за индикаторот е најниската оценка дадена за некоја димензија, и онаму каде што некоја од другите димензии добива повисока оценка, се додава „+“ на оценката за индикаторот. За целите на ова оценување опфатени се две димензии. Проценката е направена за последната фискална година, односно 2021.

| Индикатор/Димензија | Оценка |
|---|---|
| **28. Извештаи за буџетот во рамки на годината М1 (WL)** | **D+** |
| 28.1 Покриеност и споредливост на извештаите | D |
| 28.2 Време и точност на извештаите за буџетот во рамки на годината | C |

### 28.1. Покриеност и споредливост на извештаите

Димензијата оценува дали информациите во Кварталниот извештај за извршување на буџетот (К1) овозможуваат директна споредба со првично одобрениот буџет на општината.

Согласно Закон за финансирање на ЕЛС[13], општината има обврска да достави квартални извештаи (К1) со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по завршување на кварталот до Советот на општината и Министерство за финансии. Формата и содржината на извештаите ја пропишува Министерот за финансии[14]. Во К1 образецот се внесуваат податоците за вкупните тековно-оперативни и капиталните приходи и расходи, за претходните три месеци

[12] И покрај тоа што оценката за оваа димензија е А и се однесува за документацијата од 2021 година, ДЗР при ревидирање на јавните набавки во 2020 година има констатирано наод во делот на постапување за жалба по јавни набавки, каде општината постапила спротивно на Одлуката на Државната комисија за жалби во 2020 година (https://dzr.mk/sites/default/files/202112/2_45_FR_ELS_Studenicani_Smetka_osnoven_budzet_637_2021.pdf)
[13] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2009/02/4_05_2011.pdf
[14] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2009/04/K1.pdf

за кои се однесува извештајниот период согласно со економската класификација на приходи и расходи по сметки и збирно.

За оценување на оваа димензија беа разгледани Кварталните извештаи на општина Студеничани за 2021 година. Од приложената документација се утврди дека податоците за извршувањето на буџетот се презентираат на исто ниво на расчленување како и буџетот, а податоците се споредуваат со последно усвоениот буџет на општината.

**Бидејќи податоците за извршувањето на буџетот се споредуваат со последно усвоениот буџет во годината, а не со првично планираниот, оценката за оваа димензија е D.**

### 28.2. Време и точност на извештаите за буџетот во рамки на годината

Во рамките на оваа димензија се прави проценка дали кварталните извештаи се доставени навремено до Министерство за финансии и Советот на општината и дали со нив е доставено образложение со спроведена анализа за извршувањето на буџетските приходи и расходи. За оваа димензија предмет на оценување беа Кварталните извештаи за 2021 година. Од разгледаната документација се утврди дека тие навремено се доставуваат до Министерство за финансии, освен во третиот квартал кога извештаите се доставени шест недели од крајот на кварталот. Писмено образложение не се подготвува и извештаите во 2021 година не се доставени до Советот на општината. Во текот на оценката, се обезбеди информација дека во 2022 година општината ги доставува извештаите и до Советот на општината.
**Во општина Студеничани во 2021 година законските рокови за подготвување и објавување на кварталните извештаи генерално се запазени, но писмено образложение за извршувањето на буџетот не се подготвува, и оттаму оценката е C.**

## PI-29. Годишни финансиски извештаи

Овој индикатор оценува дали годишните финансиски извештаи на општината се целосни, навремени и во согласност со општоприфатените сметководствени принципи и стандарди и дали се поднесени до надворешна ревизија. Презентираните податоци за реализираните приходи и расходи треба да бидат споредени со првично планираните износи во буџетот на општината.
Овој индикатор содржи три димензии и го применува методот на најслаба алка M1 (WL), каде што слабата успешност на една димензија ќе влијае на добрата успешност врз другите димензии на истиот индикатор, но за целите на ова оценување опфаќа само една димензија.

### 29.1. Сеопфатност на годишните финансиски извештаи

Оваа димензија оценува дали годишните финансиски извештаи содржат анализа која обезбедува споредба на реализацијата со првично одобрениот буџет. Тие треба да бидат поткрепени со целосни информации за приходите, расходите, средствата,обврските, гаранциите и долгорочните обврски.

Согласно Закон за финансирање на ЕЛС[15], Советот на општината усвојува годишен извештај кој ги содржи следните податоци:

-Годишната сметка;
-Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност;
-Извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации и дотациите за делегирани надлежности; и
-Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка.

Годишната сметка, која е составен дел од годишниот извештај ги содржи сите елементи што го содржи консолидираниот буџет на општината искажани како планирани и остварени приходи и расходи.
За оценка на оваа димензија беа разгледани Одлуката за завршната сметка на буџетот на општина Студеничани за 2021 година донесена од страна на Советот на општината на 7-та седница одржана на 11 март 2022 година. Дополнителни извештаи кои беа разгледани со завршната сметка се Годишниот финансиски извештај на општината за 2021 со податоци за планиран и реализиран износ на буџетските расходи и приходи, Годишен извештај за буџетска резерва и Годишен извештај за блок дотации. Од приложената документација констатирано е дека Годишниот финансиски извештај содржи целосни информации за приходите и расходите расчленети по економска и програмска класификација и готовинските салда, но податоците се споредуваат со последно усвоениот буџет на општината.
Согласно Закон за сметководство на буџетите и буџетските корисници[16], општината е должна завршните сметки да ги достават до Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар и до Државниот завод за ревизија до крајот на месец февруари наредната година и да ги објави на својата веб страница. За ова мерење беа разгледани пропратните писма за достава на завршните сметки на надлежните институции (Централен регистар, Државен завод за ревизија и Управа за јавни приходи) и беше констатирано дека истите се доставени во законски утврдениот рок.
Општина Студеничани завршните сметки ги објавува на својата веб страница.[17]

**И покрај тоа што општина Студеничани подготвува Годишен финансиски извештај кој содржи податоци за приходите, расходите и готовинските салда, податоците се споредуваат со последно усвоениот буџет, а не со првично одобрениот буџет, и оттаму оценката за оваа димензија е D.**

| Индикатор/Димензија | Оценка |
|---|---|
| **PI-29. Годишни финансиски извештаи M1 (WL)** | **D** |
| 29.1 Целосност на годишните финансиски извештаи | D |

[15] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2009/02/Zakon-za-finansiranje-na-ELS_br.61-04.pdf
[16] Закон за сметководство на буџетите и буџетските корисници, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15,170/17 и 122/21
[17] http://studenicani.gov.mk/llogarite-perfundimtare/?lang=mk

## Анекс 1: Временска рамка за спроведување на акциски план на мерки за подобрување

| Мерка за подобрување | Временска рамка | Одговорен субјект |
|---|---|---|
| Планирањето на буџетските ставки по програми и вид на приход и расход да биде врз основа на реални проценки, односно да не планираат ставки во буџетот кои нема да бидат реализирани. | 1 година | Градоначалник/Оддделение за финансиски прашања |
| Да се прави редовно порамнување со доверителите на годишно ниво, односно на крајот на годината да се доставуваат ИОС-Износ на отворени ставки до сите доверители | 1 година | Градоначалник/Оддделение за финансиски прашања |
| При подготовка на буџетот да се подготвуваат и буџети за наредните 2 години со среднорочни проценки, со помош на алатката за повеќегодишно буџетирање понудена од Проектот на УСАИД. | 1 година | Градоначалник/Оддделение за финансиски прашања |
| Роковите во буџетскиот календар да бидат реални и со конкретни датуми кои ќе се почитуваат | 1 година | Градоначалник/Оддделение за финансиски прашања |
| Да се води евиденција на даночните долгови (данок на имот, промет и наследство и подарок) по датум на доспевање и да се воведе пракса за присилна наплата на даночните долгови | 1 година | Градоначалник/Одделение за даноци |
| Да се заокружи процесот на ажурирање на базата на податоци за данок на имот и проценка на вредноста на имотот поддржан од Проектот на УСАИД | 1 година | Градоначалник/Одделение за даноци |
| Квартaлните извешати (К1,К2 и К3) за буџетот да се доставуваат и до Советот на општината | 1 година | Градоначалник/Оддделение за финансиски прашања |
| Квартaлните извештаи К1 да се подготвуваат со писмено образложение во кое ќе се прави споредба на реализираните приходи и расходи и со првично планираните износи во буџетот, а не само со последно важечкиот буџет | 1 година | Градоначалник/Оддделение за финансиски прашања |
| Годишниот финансиски извештај да се дополни со податоци за парични средства, побарувања, обврски и извори на средства. Реализираните приходи и расходи да се споредуваат и со првично планираните износи во буџетот, а не само со последно важечкиот буџет | 1 година | Градоначалник/Оддделение за финансиски прашања |
| Да се спроведе попис на имот, земјиште и објекти во општината. Регистарот треба да содржи податоци со опис на објектот, адреса, број на имотен лист, број на катастарска парцела, површина и правен основ за стекнување на имотот и да се објави на општинската веб страница. | 3 години | Градоначалник |
| Општината да подготви интерна Процедура за пренос и оттуѓување на средства, во која ќе биде опишана постапката за пренос и оттуѓување на средства. | 3 години | Градоначалник/Одделение за нормативно-правни работи |

# Анекс 2: Пресметки за PI-1, PI-2 и PI-3

## Пресметки за Димензии PI-1.1, PI-2.1 и PI-2.3

**Табела 1 - Фискални години за оценување**

| | |
|---|---|
| Година 1 = | **2019** |
| Година 2 = | **2020** |
| Година 3 = | **2021** |

**Табела 2-Расходи според надлежности/програми во општинскиот буџет**

| **Податоци за година =** | **2019** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Надлежност/Програма** | **буџет (почетен буџет)** | **реализација** | **прилагоден буџет** | **отстапување** | **апсолутно отстапување** | **процент** |
| **A**-Совет на општината | 39,300,672 | 38,195,447 | 38,729,552.5 | -534,105.5 | 534,105.5 | 1.4% |
| **D**-Градоначалник | 2,980,000 | 2,504,828 | 2,936,694.5 | -431,866.5 | 431,866.5 | 14.7% |
| **E**-Општинска администрација | 17,563,000 | 14,257,259 | 17,307,773.5 | -3,050,514.5 | 3,050,514.5 | 17.6% |
| **F**-Урбанистичко планирање | 300,000 | 249,931 | 295,640.4 | -45,709.4 | 45,709.4 | 15.5% |
| **G**-Локален економски развој | | | | | | |
| **J**-Комунални активности | 44,407,819 | 45,880,260 | 43,762,482.2 | 2,117,777.8 | 2,117,777.8 | 4.8% |
| **K**-Култура | | | | | | |
| **L**-Спорт и рекреација | 500,000 | 0 | 492,734.0 | -492,734.0 | 492,734.0 | 100.0% |
| **M**-Развојни програми | | | | | | |
| **N**-Образование | 124,356,000 | 124,986,004 | 122,548,851.9 | 2,437,152.1 | 2,437,152.1 | 2.0% |
| **R**-Заштита на животната средина и природата | | | | | | |
| **T**-Унапредување на здравствената грижа | | | | | | |
| **V**-Социјална заштита и заштита на децата | | | | | | |
| **NJ**-Противпожарна заштита | | | | | | |
| **LJ**-Заштита и спасување | | | | | | |
| **DZ**-Родова еднаквост | | | | | | |
| **распределени расходи** | **229,407,491** | **226,073,729** | **226,073,729.0** | **0.0** | **9,109,859.8** | |
| камати | | | | | | |
| непредвидени трошоци (резерви и недефинирани трошоци) | 800,000 | 471,000 | | | | |
| **вкупни расходи** | **230,207,491** | **226,544,729** | | | | |
| **реализација на вкупни расходи PI-1.1** | | | | | | **98.4%** |
| **отстапување на составот на расходите PI-2.1** | | | | | | **4.0%** |
| **уделот на непредвидени трошоци во буџетот PI-2.3** | | | | | | **0.2%** |

**Табела 3- Расходи според надлежности/програми во општинскиот буџет**

| **Податоци за година =** | **2020** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Надлежност/Програма** | **буџет (почетен буџет)** | **реализација** | **прилагоден буџет** | **отстапување** | **апсолутно отстапување** | **процент** |
| **A**-Совет на општината | 3,250,000.00 | 2,181,673.00 | 3,152,822.7 | -971,149.7 | 971,149.7 | 30.80% |
| **D**-Градоначалник | 1,650,000.00 | 1,294,994.00 | 1,600,663.9 | -305,669.9 | 305,669.9 | 19.10% |
| **E**-Општинска администрација | 18,370,000.00 | 15,164,168.00 | 17,820,724.2 | -2,656,556.2 | 2,656,556.2 | 14.91% |
| **F**-Урбанистичко планирање | 300,000.00 | 0.00 | 291,029.8 | -291,029.8 | 291,029.8 | 100.00% |
| **G**-Локален економски развој | 300,000.00 | 300,000.00 | 291,029.8 | 8,970.2 | 8,970.2 | 3.08% |
| **J**-Комунални активности | 51,012,913.00 | 48,812,940.00 | 49,487,591.4 | -674,651.4 | 674,651.4 | 1.36% |
| **K**-Култура | | | | | | |
| **L**-Спорт и рекреација | 2,000,000.00 | 200,000.00 | 1,940,198.6 | -1,740,198.6 | 1,740,198.6 | 89.69% |
| **M**-Развојни програми | | | | | | |
| **N**-Образование | 142,015,000.00 | 144,398,938.00 | 137,768,652.6 | 6,630,285.4 | 6,630,285.4 | 4.81% |
| **R**-Заштита на животната средина и природата | | | | | | |
| **T**-Унапредување на здравствената грижа | | | | | | |
| **V**-Социјална заштита и заштита на децата | | | | | | |
| **NJ**-Противпожарна заштита | | | | | | |
| **LJ**-Заштита и спасување | | | | | | |
| **DZ**-Родова еднаквост | | | | | | |
| **распределени расходи** | **218,897,913.00** | **212,352,713.00** | **212,352,713.0** | **0.0** | **13,278,511.2** | |
| камати | 400,000.00 | 42,037.00 | | | | |
| непредвидени трошоци (резерви и недефинирани трошоци) | 800,000.00 | 206,908.00 | | | | |
| **вкупни расходи** | **220,097,913.00** | **212,601,658.00** | | | | |
| **реализација на вкупни расходи PI-1.1** | | | | | | **96.6%** |
| **отстапување на составот на расходите PI-2.1** | | | | | | **6.3%** |
| **уделот на непредвидени трошоци во буџетот PI-2.3** | | | | | | **0.1%** |

**Табела 4-Расходи според надлежности/програми во општинскиот буџет**

| **Податоци за година =** | **2021** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Надлежност/Програма | **буџет (почетен буџет)** | **реализација** | прилагоден буџет | отстапување | апсолутно отстапување | процент |
| **A**-Совет на општината | 3,010,000 | 2,503,019 | 3,232,114.3 | -729,095.3 | 729,095.3 | 23% |
| **D**-Градоначалник | 1,695,000 | 1,317,132 | 1,820,077.6 | -502,945.6 | 502,945.6 | 28% |
| **E**-Општинска администрација | 18,411,000 | 14,996,866 | 19,769,586.6 | -4,772,720.6 | 4,772,720.6 | 24% |
| **F**-Урбанистичко планирање | 100,000 | 95,517 | 107,379.2 | -11,862.2 | 11,862.2 | 11% |
| **G**-Локален економски развој | 200,000 | 0 | 214,758.4 | -214,758.4 | 214,758.4 | 100% |
| **J**-Комунални активности | 33,300,000 | 49,814,858 | 35,757,277.4 | 14,057,580.6 | 14,057,580.6 | 39% |
| **K**-Култура | | | | | | |
| **L**-Спорт и рекреација | 200,000 | 71,493 | 214,758.4 | -143,265.4 | 143,265.4 | 67% |
| **M**-Развојни програми | | | | | | |
| **N**-Образование | 141,000,000 | 143,721,755 | 151,404,688.0 | -7,682,933.0 | 7,682,933.0 | 5% |
| **R**-Заштита на животната средина и природата | | | | | | |
| **T**-Унапредување на здравствената грижа | | | | | | |
| **V**-Социјална заштита и заштита на децата | | | | | | |
| **NJ**-Противпожарна заштита | | | | | | |
| **LJ**-Заштита и спасување | | | | | | |
| **DZ**-Родова еднаквост | | | | | | |
| **распределени расходи** | **197,916,000** | **212,520,640** | **212,520,640.0** | **0.0** | **28,115,161.2** | |
| камати | 50,000 | 49,727 | | | | |
| непредвидени трошоци (резерви и недефинирани трошоци) | 800,000 | 359,000 | | | | |
| **вкупни расходи** | **198,766,000** | **212,929,367** | | | | |
| **реализација на вкупни расходи PI-1.1** | | | | | | **107.1%** |
| **отстапување на составот на расходите PI-2.1** | | | | | | **13.2%** |
| **уделот на непредвидени трошоци во буџетот PI-2.3** | | | | | | **0.2%** |

**Табела 5 - Матрица на резултати (PI-1.1, PI-2.1.PI-2.3)**

| | **за PI-1.1** | **за PI-2.1** | **за PI-2.3** |
|---|---|---|---|
| година | реализација на вкупни расходи | отстапување на составот на расходите | уделот на непредвидени трошоци во буџетот |
| 2019 | 98.4% | 4.0% | 0.2% |
| 2020 | 96.6% | 6.3% | |
| 2021 | 107.1% | 13.2% | |

## Пресметки за отстапување во составот на расходите според економска класификација PI-2.2

**Табела 1 - Фискални години за оценување**

| | |
|---|---|
| Година 1 = | 2019 |
| Година 2 = | 2020 |
| Година 3 = | 2021 |

**Табела 2-Расходи според економска класификација**

| Податоци за година = | 2019 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Економска класификација | буџет (почетен буџет) | реализација | прилагоден буџет | отстапување | апсолутно отстапување | процент |
| Плати и бенефиции | 123,122,500 | 121,664,325 | 121,333,277.2 | 331,047.8 | 331,047.8 | 0.3% |
| Добра и услуги | 50,391,672 | 45,210,093 | 49,659,377.5 | -4,449,284.5 | 4,449,284.5 | 9.0% |
| Капитални расходи | 48,713,319 | 54,087,847 | 48,005,414.4 | 6,082,432.6 | 6,082,432.6 | 12.7% |
| Камата | | | | | | |
| Субвенции | 2,000,000 | 1,600,208 | 1,970,935.9 | -370,727.9 | 370,727.9 | 18.8% |
| Трансфери | 5,180,000 | 3,511,256 | 5,104,724.0 | -1,593,468.0 | 1,593,468.0 | 31.2% |
| Социјални бенефиции | | | | | | |
| Други трошоци | | | | | | |
| **вкупни расходи** | **229,407,491** | **226,073,729** | **226,073,729.0** | **0.0** | **12,826,960.7** | |
| **отстапување на состав** | | | | | | **5.7%** |

**Табела 3-Расходи според економска класификација**

| Податоци за година = | 2020 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Економска класификација | буџет (почетен буџет) | реализација | прилагоден буџет | отстапување | апсолутно отстапување | процент |
| Плати и бенефиции | 138,225,000 | 140,973,121 | 133,873,888.3 | 7,099,232.7 | 7,099,232.7 | 5.3% |
| Добра и услуги | 34,450,000 | 22,483,453 | 33,365,566.7 | -10,882,113.7 | 10,882,113.7 | 32.6% |
| Капитални расходи | 41,212,913 | 44,758,654 | 39,915,593.5 | 4,843,060.5 | 4,843,060.5 | 12.1% |
| Камата | 400,000 | 42,037 | 387,408.6 | -345,371.6 | 345,371.6 | 89.1% |
| Субвенции | 2,000,000 | 2,192,471 | 1,937,043.1 | 255,427.9 | 255,427.9 | 13.2% |
| Трансфери | 3,010,000 | 1,945,014 | 2,915,249.8 | -970,235.8 | 970,235.8 | 33.3% |
| Социјални бенефиции | | | | | | |
| Други трошоци | | | | | | |
| **вкупни расходи** | **219,297,913** | **212,394,750** | **212,394,750.0** | **0.0** | **24,395,442.2** | |
| **отстапување на состав** | | | | | | **11.5%** |

**Табела 4-Расходи според економска класификација**

| Податоци за година = | 2021 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Економска класификација | буџет (почетен буџет) | реализација | прилагоден буџет | отстапување | апсолутно отстапување | процент |
| Плати и бенефиции | 145,555,000 | 147,309,271 | 156,292,897.6 | -8,983,626.6 | 8,983,626.6 | 5.7% |
| Добра и услуги | 23,265,000 | 19,765,384 | 24,981,307.8 | -5,215,923.8 | 5,215,923.8 | 20.9% |
| Капитални расходи | 24,236,000 | 40,960,213 | 26,023,940.5 | 14,936,272.5 | 14,936,272.5 | 57.4% |
| Камата | 50,000 | 49,727 | 53,688.6 | -3,961.6 | 3,961.6 | 7.4% |
| Субвенции | 2,200,000 | 3,251,696 | 2,362,298.6 | 889,397.4 | 889,397.4 | 37.6% |
| Трансфери | 2,660,000 | 1,234,076 | 2,856,233.8 | -1,622,157.8 | 1,622,157.8 | 56.8% |
| Социјални бенефиции | | | | | | |
| Други трошоци | | | | | | |
| **вкупни расходи** | **197,966,000** | **212,570,367** | **212,570,367.0** | **0.0** | **31,651,339.7** | |
| **отстапување на состав** | | | | | | **14.9%** |

**Табела 5 - Матрица на резултати за PI-2.2**

| година | отстапување на состав |
|---|---|
| 2019 | 5.7% |
| 2020 | 11.5% |
| 2021 | 14.9% |

# Пресметки за реализација на приходи PI-3.1 и PI-3.2

**Табела 1 - Фискални години за оценување**

| | |
|---|---|
| Година 1 = | 2019 |
| Година 2 = | 2020 |
| Година 3 = | 2021 |

**Табела 2- Приходи според економска класификација**

| Податоци за година = | 2019 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Економска класификација** | **буџет (почетен буџет)** | **реализација** | **прилагоден буџет** | **отстапување** | **апсолутно отстапување** | **процент** |
| **Даночни приходи** | | | | | | |
| Даноци на доход, добивка и капитални добивки | 1,700,000 | 1,269,471 | 1,663,943.8 | -394,472.8 | 394,472.8 | 23.7% |
| Даноци на имот | 9,800,000 | 5,744,047 | 9,592,146.7 | -3,848,099.7 | 3,848,099.7 | 40.1% |
| Даноци на специфични услуги | 11,700,000 | 11,814,712 | 11,451,848.7 | 362,863.3 | 362,863.3 | 3.2% |
| Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | | | | | | |
| Други даноци | | | | | | |
| **Неданочни приходи** | | | | | | |
| Неданочни приходи | 550,000 | 187,784 | 538,334.8 | -350,550.8 | 350,550.8 | 65.1% |
| **Трансфери и донации** | | | | | | |
| Капитални и тековни донации | | | | | | |
| Донации од странство | | | | | | |
| Трансфери од други нивоа на власт | 149,171,000 | 148,364,744 | 146,007,155.4 | 2,357,588.6 | 2,357,588.6 | 1.6% |
| **Други приходи** | | | | | | |
| Приходи од продажба на капитални средства | | 222,000 | 0.0 | 222,000.0 | 222,000.0 | |
| Приходи од продажба на земјиште и нематеријални влож | 5,400,000 | 6,936,140 | 5,285,468.6 | 1,650,671.4 | 1,650,671.4 | 31.2% |
| | | | | | | |
| Продажба на хартии од вредност | | | | | | |
| | | | | | | |
| **вкупни приходи** | **178,321,000** | **174,538,898** | **174,538,898.0** | **0.0** | **9,186,246.7** | |
| **реализација на вкупни приходи (PI-3.1)** | | | | | | **97.9%** |
| **отстапување на состав (PI-3.2)** | | | | | | **5.3%** |

**Табела 3-Приходи според економска класификација**

| Податоци за година = | 2020 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Економска класификација** | **буџет (почетен буџет)** | **реализација** | **прилагоден буџет** | **отстапување** | **апсолутно отстапување** | **процент** |
| **Даночни приходи** | | | | | | |
| Даноци на доход, добивка и капитални добивки | 1,600,000 | 1,489,050 | 1,546,949.7 | -57,899.7 | 57,899.7 | 3.7% |
| Даноци на имот | 6,800,000 | 4,570,349 | 6,574,536.0 | -2,004,187.0 | 2,004,187.0 | 30.5% |
| Даноци на специфични услуги | 12,220,000 | 9,822,594 | 11,814,828.0 | -1,992,234.0 | 1,992,234.0 | 16.9% |
| Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | | | | | | |
| Други даноци | | | | | | |
| **Неданочни приходи** | | | | | | |
| Неданочни приходи | 300,000 | 246,450 | 290,053.1 | -43,603.1 | 43,603.1 | 15.0% |
| **Трансфери и донации** | | | | | | |
| Капитални и тековни донации | | | | | | |
| Донации од странство | | 8,683,826 | 0.0 | 8,683,826.0 | 8,683,826.0 | |
| Трансфери од други нивоа на власт | 191,077,913 | 186,268,838 | 184,742,444.6 | 1,526,393.4 | 1,526,393.4 | 0.8% |
| **Други приходи** | | | | | | |
| Приходи од продажба на капитални средства | | | | | | |
| Приходи од продажба на земјиште и нематеријални влож | 8,100,000 | 1,719,137 | 7,831,432.6 | -6,112,295.6 | 6,112,295.6 | 78.0% |
| Продажба на хартии од вредност | | | | | | |
| **вкупни приходи** | **220,097,913** | **212,800,244** | **212,800,244.0** | **0.0** | **20,420,438.7** | |
| **реализација на вкупни приходи (PI-3.1)** | | | | | | **96.7%** |
| **отстапување на состав (PI-3.2)** | | | | | | **9.6%** |

**Табела 4-Приходи според економска класификација**

| Податоци за година = | 2021 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Економска класификација** | **буџет (почетен буџет)** | **реализација** | **прилагоден буџет** | **отстапување** | **апсолутно отстапување** | **процент** |
| **Даночни приходи** | | | | | | |
| Даноци на доход, добивка и капитални добивки | 1,860,000 | 1,619,730 | 1,966,065.1 | -346,335.1 | 346,335.1 | 17.6% |
| Даноци на имот | 8,200,000 | 6,021,593 | 8,667,598.7 | -2,646,005.7 | 2,646,005.7 | 30.5% |
| Даноци на специфични услуги | 13,820,000 | 17,965,115 | 14,608,074.8 | 3,357,040.2 | 3,357,040.2 | 23.0% |
| Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | | | | | | |
| Други даноци | | | | | | |
| **Неданочни приходи** | | | | | | |
| Неданочни приходи | 300,000 | 226,220 | 317,107.3 | -90,887.3 | 90,887.3 | 28.7% |
| **Трансфери и донации** | | | | | | |
| Капитални и тековни донации | | | | | | |
| Донации од странство | | | | | | |
| Трансфери од други нивоа на власт | 166,550,000 | 183,232,869 | 176,047,384.8 | 7,185,484.2 | 7,185,484.2 | 4.1% |
| **Други приходи** | | | | | | |
| Приходи од продажба на капитални средства | | | | | | |
| Приходи од продажба на земјиште и нематеријални влож | 8,850,000 | 1,895,368 | 9,354,664.4 | -7,459,296.4 | 7,459,296.4 | 79.7% |
| Продажба на хартии од вредност | | | | | | |
| **вкупни приходи** | **199,580,000** | **210,960,895** | **210,960,895.0** | **0.0** | **21,085,048.8** | |
| **реализација на вкупни приходи (PI-3.1)** | | | | | | **105.7%** |
| **отстапување на состав (PI-3.2)** | | | | | | **10.0%** |

**Табела 5 - Матрица на резултати (PI-3.1 и PI-3.2)**

| | **за PI-3.1** | **за PI-3.2** |
|---|---|---|
| година | реализација на вкупни приходи | отстапување на состав |
| 2019 | 97.9% | 5.3% |
| 2020 | 96.7% | 9.6% |
| 2021 | 105.7% | 10.0% |

## Анекс 3: Вработени лица од општината кои учествуваа во процесот на самопроценка

| Р.бр. | Сектор/Одделение | Лице | Позиција | Е-пошта |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Одделение за финансии | Нури Садики | Раководител | nuri_sadiki@hotmail.com |
| 2 | Одделение за наплата на даноци,такси и други надоместоци | Риза Јаја | Раководител | riza.jaja@hotmail.com |
| 3 | Одделение за наплата на даноци,такси и други надоместоци | Сафије Иљази Мифтари | | safije27@gmail.com |

## Анекс 4: Извори на информации користени за извлекување на докази за оценување на секој од индикаторите

| Индикатор/Димезија | Извори на податоци |
|---|---|
| **1. Вкупна реализација на расходите** | Годишни буџети за 2019,2020,2021<br>Завршни сметки за 2019,2020,2021 |
| **2. Реализација на составот на расходи** | |
| 2.1 Реализација на составот на расходи според главна функција или сектор | Годишни буџети за 2019,2020,2021<br>Завршни сметки за 2019,2020,2021 |
| 2.2 Реализација на составот на расходите според економски вид | |
| 2.3 Расход од резервите за непредвидени ситуации (буџетски резерви) | |
| **3. Реализација на приходи** | |
| 3.1 Реализација на вкупни приходи од сопствени извори | Годишни буџети за 2019,2020,2021<br>Завршни сметки за 2019,2020,2021 |
| 3.2 Реализација на составот на приходи од сопствени извори | |
| **5. Буџетска документација** | Годишен буџет за 2021 |
| **12. Управување со јавни средства** | |
| 12.2 Следење на основни средства и имоти (нефинансиско средство) | Воспоставена пракса во општината |
| 12.3 Транспарентност на отуѓувањето на средствата | |
| **13. Управување со долгот** | |
| 13.1 Евидентирање, известување и управување со долг и гаранции | ЕСПО 1 квартал 2021 линк<br>ЕСПО 2 квартал 2021 линк<br>ЕСПО 3 квартал 2021 линк<br>ЕСПО 4 квартал 2021 линк |
| **14. Макроекономско и фискално предвидување** | |
| 14.3 Среднорочни буџетски проценки на приходи и расходи | Воспоставена пракса во општината |
| **17.Процес за подготовка на буџет** | |

| | |
|---|---|
| 17.1 Буџетски календар (управување со процесот за подготовка на буџет) | Буџетски календар за 2021 |
| **19. Даночна администрација** | |
| 19.2 Регистар на данок на имот и проценка на вредноста | Регистар на данок на имот |
| 19.4 Следење на даночните долгови (данок на имот, промет,наследство и подарок) | Одлука за висината на стапката на данок на имот 2021 линк |
| **20. Сметководствено евидентирање за приходи** | |
| 20.1 Информации за наплати на приходи | линк |
| **23. Контроли на платен список** | |
| 23.2 Управување со промените на платниот список | Воспоставена пракса во општината |
| **24. Набавки** | |
| 24.1 Спроведување и следење на набавки | https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/notifications-for-acpp |
| 24.2 Методи на набавки | https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/notifications-for-acpp |
| 24.4 Управување и транспарентност на жалби по јавни набавки | https://www.e-nabavki.gov.mk/Auth/Index%23/compliants?Category=15 |
| **28. Извештаи за буџетот во рамки на годината** | |
| 28.1 Покриеност и споредливост на извештаите | Квартални извештаи К1 за 2021 година |
| 28.2 Време и точност на извештаите за буџетот во рамки на годината | |
| **29. Годишни финансиски извештаи** | |
| 29.1 Целосност на годишните финансиски извештаи | http://studenicani.gov.mk/llogarite-perfundimtare/?lang=mk |

## Анекс 5: Табела за конверзија на оценките за индикаторот со примена на методот на просек М2 (AV)

| Резултати за димензиите | | | Вкупен резултат M2 (AV) | Резултати за димензиите | | | | Вкупен резултат M2 (AV) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Индикатори со 2 димензии** | | | | **Индикатори со 4 димензии** | | | | |
| | D | D | **D** | D | D | D | D | **D** |
| | D | C | **D+** | D | D | D | C | **D** |
| | D | B | **C** | D | D | D | B | **D+** |
| | D | A | **C+** | D | D | D | A | **D+** |
| | C | C | **C** | D | D | C | C | **D+** |
| | C | B | **C+** | D | D | C | B | **D+** |
| | C | A | **B** | D | D | C | A | **C** |
| | B | B | **B** | D | D | B | B | **C** |
| | B | A | **B+** | D | D | B | A | **C+** |
| | A | A | **A** | D | D | A | A | **C+** |
| **Индикатори со 3 димензии** | | | | D | C | C | C | **D+** |
| D | D | D | **D** | D | C | C | B | **C** |
| D | D | C | **D+** | D | C | C | A | **C+** |
| D | D | B | **D+** | D | C | B | B | **C+** |
| D | D | A | **C** | D | C | B | A | **C+** |
| D | C | C | **D+** | D | C | A | A | **B** |
| D | C | B | **C** | D | B | B | B | **C+** |
| D | C | A | **C+** | D | B | B | A | **B** |
| D | B | B | **C+** | D | B | A | A | **B** |
| D | B | A | **B** | D | A | A | A | **B+** |
| D | A | A | **B** | C | C | C | C | **C** |
| C | C | C | **C** | C | C | C | B | **C+** |
| C | C | B | **C+** | C | C | C | A | **C+** |
| C | C | A | **B** | C | C | B | B | **C+** |
| C | B | B | **B** | C | C | B | A | **B** |
| C | B | A | **B** | C | C | A | A | **B** |
| C | A | A | **B+** | C | B | B | B | **B** |
| B | B | B | **B** | C | B | B | A | **B** |
| B | B | A | **B+** | C | B | A | A | **B+** |
| B | A | A | **A** | C | A | A | A | **B+** |
| A | A | A | **A** | B | B | B | B | **B** |
| Забелешка: Оценките за димензијата може се пресметаат по кој било редослед. За собирањето се важни само износите на секоја оценка. Последната колона од десно се однесува на просекот. | | | | B | B | B | A | **B+** |
| | | | | B | B | A | A | **B+** |
| | | | | B | A | A | A | **A** |
| | | | | A | A | A | A | **A** |